УДК 821.163.3:929 Шопов, А

Стручен труд
Professional paper

# ПРВИТЕ ТВОРБИ НА УЧЕНИКОТ АЦО ШОПОВ

**Блаже Китанов**
Редовен професор во пензија
blaze.kitanov@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Во трудот се соопштуваат и коментираат првите творби/песни на ученикот Ацо Шопов пишувани за време на неговото школување и скоевско делување под српска и бугарска власт. Се прави увид на песните запишани во неговата гимназиска Тетратка за писмени состави од трети клас на реалната гимназија, како и на други песни нотирани на неповрзаани листови. Вкупно околу триесет и две песни пишувани на српски јазик од кои во Тетратката се седумнаесет. Се информира и за наслови на песни пишувани на мајчин македонски јазик од исчезнатата стихозбирка *Анови* или *Песни за Штип – 1941*, како и за песни посветени на погибијата на неговите најдобри учители Ванчо Прке и Славчо Стојменски. Песните имаат елегична, социјална, љубовна, романтична и патриотска содржина – инспирирана од општествено-економските прилики во втората половина од минатиот век, како и од тешката, сиромашна и тегобна состојба во семејството Шопови.

Во записот се посочуваат трите главни појави како можен излез и спас од тегобните детско-момчешки години, од детството-недетство, од тоа стоглаво чудовиште:

- пишување песни за време на гимназиското школување,
- активноста во литературната дружина „Напредок“ во гимназијата,
- вклучување и активно делување во младинската скоевска организација сè до излегувањето во партизани кон крајот на септември 1943 година.

**Клучни зборови:** *Тетратка за писмени состави, ученик, мајка, литературна дружина, „Напредок“, воспитна група, скоевска организација.*

Детството и годините на детството човекот ги носи секогаш со себе. Тие се највпечатливото време за него. Тие години можеби не го одредуваат неговиот живот, меѓутоа го одредуваат и формираат сензибилитетот, чувствувањето на светот, неговиот душевен поглед. Оттука, тие години се и постојано присутни кај нас. На пример, детството на поетот Матеја Матевски е

споминато по рабовите на Сува Гора и промените на неа, Вардар со сите негови промени – од снеговите и мразевите до надојдените води и оние песоќишта, чакалишта на речното корито и, особено, оние силни звуци на трите големи ѕвона во гостиварската црква, кои ќе одекнуваат до крајот на животот и во создавањето на песните.

Така е, на пример, и со еден од нјзнаменитите српски лиричари Јован Дучиќ. Откако во младоста, на седумнаесетгодишна возраст ќе се најде во друга средина, далеку од Требиње, во Америка, речиси сека ноќ пред заспивање ќе го слуша звукот на црковните ѕвона од родниот крај кои го враќааат во детството и раната младост.

Така е и со нашиот поет Ацо Шопов. Годините на детството и раната младост сѐ до излегувањето во партизани, септември 1943 година, се меѓу најтешките, најтегобни, најтажни и најгрозоморни периоди од неговиот живот. Причина за тоа се две состојби:

1. Општествено-економските услови и
2. Тешката и бедна семејна атмосфера.

Времето на дваесеттите години од минатиот век сѐ до избувнувањето на Втората светска војна, дваесетилјадното гратче на Отиња го потресуваат исклучително тешки општествено-економски услови на живот. Со зачестени атентати и убиства под маската на Ванчо Михајлов – Тодор Александров, со нагласени апсења и прогонства, со невидена тортура на злогласниот тандем Матковиќ – Каламатија, тогаш Штип е познат како град на најбезобѕирниот терор, а Брегалничката област прилега на вистински воено-полициски терор. Со воената диктатура на крал Александар која трае сѐ до 1941 година и се совпаѓа со општата економска криза, со декласираното ситно занаетчиство и трговија, преку експлоатираниот надничар и монополски работник, од градот под Исарот создаваат вистинско стопанско мртвило.

Во тој период среќните мигови и безгрижни детски дни се илузија или реткост за детето-момче Ацо Шопов. Неговиот татко Ѓорѓи (Ѓошо) Ристо Зафиров (Шопов) (1893 – 1944) речиси по цел ден е во берберскиот дуќан, почесто се зафаќа во чаршијата во друштво со чашката, се враќа дома доцна во ноќта. Мајката на Ацо, Костадинка (Коцка) Рушева (1897 – 1942) која од властите е етикетирана како бугарофил, важи за грижлива и примерна, притресна домаќинка која ги воспитувала своите деца, им кажува народни приказни, дама која секогаш внимавала на својот изглед и гардероба. Секогаш со шешир ... рецитира песни и ги учи француски јазик. Во младоста била учителка во Џумаја (Благоевград) и самата пишувала песни под кои, поради неостварената љубов со некој млад бугарски офицер, се потпишувала со иницијалите Н.К. (несташлива – несреќна Коцка). Мајка му била вистинска дама. Водела сметка за својот изглед и гардероба. Секогаш убаво облечена, со шешир и ракавици.

Потиснат од мислата за секојдневна гола егзистенција на душите под покривот на трошната куќичка на ул. „Солунска“ 10, соочен со проблемите на општеството и распнат помеѓу честите отсуства на татко му, немоќта на помалиот брат Борислав (1927 – 1996) и школските обврски на постариот брат Димитар (1920 – 1972) кој учи богословија во Призрен, емотивната природа на Ацо прерано ќе ја почувствува горчината на животот, на таа „чаша на ужас и гнев“, на „ужас и стравотија“. (В. Шопов, 1985: 451).

Психички лабилен, татко му Ѓорги немал доволно сили да одговори на семејните и работни обврски. Финансиските проблеми станувале сè понеподносливи. Особено стравотен и трауматичен е оној период кога во 1934/35 година добрата мајка сè потешко заболува од мултиплекс склероза, од долга и нелечлива парализа на телото.

Живот – неживот во мошне тешка сиромаштија, па неплатената редовна училишна такса ќе го принуди одличниот Ацо повторно да оди во четврто одделение. Но, школската година веќе била почната кога од Кочани во Штип допатувала неговата тетка Стојка Санева, чијшто сопруг Стојан Санев бил на служба во Кочани како поп, па таа, откако видела дека внукот по вторпат го оди истото одделение, ја платила таксата. (В. Шопов, 1985: 442).

Во таква политичко-економска треска, Ацо Шопов ќе ги преживува најтешките и најстравотни детско-момчешки години, но и период кога ќе се пројави желбата за пишување, за творење, за поетско изразување како можен спас од тегобната семејна и општествена атмосфера.

Така, во гимназиската *Тетратка за писмени составi*, на неполни четиринаесет години тој ги запишува своите први книжевни творби, прозните состави или кратки раскази: *Растанак/Разделба/* со датум од 3.11.1937 и Чича Пера/*Чичко Перо* со датум од 4.12.1937 (АМАНУ, ФАШ.К.I.А.Е.10). Речиси истовремено, различниот однос на родителите ученикот Ацо Шопов ќе го изрази во контрастните слики на песните *Пијаница* и *Мајка. Пијаница (30.12.1937)* е првата поетска творба на ученикот Ацо Шопов напишана на српскохрватски јазик:

ПИЈАНИЦА

Има еден пијаница,
По занает е бербер,
Често по сокаци пее,
„Секој треба слатка ракија да лее“.

Кога в меана ќе седне
До полноќ не си оди.

Сѐ што има потрошува
За дома грижа не води.

Кутри деца дома плачат,
Од мајка си леб барат.
А тој пијан доаѓа
Крај нив и не проаѓа.

Жена му го куди
А тој пијан – не се буди.
И пак сѐ по старо
Но некогаш за навек ќе се изгуби.
(превод Б. К.).

Во поетското крштевање на Шопов бедната и тешка семејна атмосфера е искажана со натуралистичко-реалистички јазик, со проколнувачки тон нагласен во финалниот стих од финалниот катрен: „но некогаш за навек ќе се изгуби“. Поетското претскажување на синот се остварува, зашто љубителот на слатката ракија завршува со психичко растројство и физичка ликвидација (4.7.1944) во Бјала, северна Бугарија, за време на воените превирања и интернирања.

Ако во *Пијаница* е осуден негрижливиот однос на таткото кон сопственото семејство, во песната *Мајка* ученикот-поет ја глорификува добрата, грижлива и сакана мајка и се моли за нејзино брзо оздравување:

МАЈКА

Најголема моја светиња,
За мене со бисер опсипана,
Ти ме гледаш и чуваш
И ме грлиш многу, моја љубена.

Најголемо мое благо,
Најголема моја благодат,
Колку многу те сакам и љубам
Не знам ни самиот.

Кога те гледам тажна,
Јас тогаш стојам скаменет,
И срцето тревожно бие
Во моите младешки гради.

Јас те молам мил мој Боже
Да ја чуваш здрава да е,
Тоа моја света желба е,
За тоа љубовта моја копнее!
(Препев В. Шопов, 1985: 450).

Песна со искрени и чисти лирски чувства со излив на немерлива љубов и благопочит кон мајката, при што со молитва до севишниот се изразува најсветата желба и љубов на детето поет – да ја чува здрава да е.

Целосно соживеан со мајка си младиот Ацо ќе оди од Горно Маало до Ново Село и од Л'џите во ѓумови или буренца ќе носи жешка природна вода (природен извор на жешка вода близу бањата Ќежовица во штипско Ново Село), ќе ја бања и ќе ги чисти крвавите рани од залегнатото, неподвижно и закоравено тело на својата сакана мајка. Таквата близост со *мајката во психата на адолесцентот ќе создаде петрифицирани трауматични слики кои на* некој начин при крајот на животот ќе се поистоветат со судбината на поетот („Оздравување на болниот", ДР, 13).

Приведениве примери од првите судири со стварноста и првите зачекорувања во литературата упатуваат на подоцнежниот екстатично-грозоморен однос во поезијата на Шопов – своевиден и неповторлив вознес кон феномените на љубовта и жената, од една и можна аверзија или страв од жената и телото на жената.

*Мајка*, одделни стихови и други песни за мајката: *„Сеќавање"* (20.9.1939), *„Ох, појми, појми колку многу патам"* (мај 1940), *„Разговор со мајка"* (мај 1940), *„Пролетен разговор"* (мај 1940), претставуваат мал лирско експресивен венец од елегични чувства и темно песимистички тонови. По упорните молитвени инкантации за спас и здравје, Змаевски интонираните дијалози меѓу мајката и синот завршуваат болно и без/надежно со морничавиот инверзно градиран рефрен кој одекнува како силно и потресно крешчендо: *„Ајде, ајде мајко*: *„Јас не можам, сине"* (*„Пролетен разговор"*). И како што мајката неизмерно го љубела, со грижа и со песна го воспитувала и крепела сина си, сега и тој се обидува да ѝ возврати со слична и иста мера – упорно ја бодри да истрае во битката со тешката болест и налетот на грозоморната смрт. Тој ѝ нуди и љубов и песна на кои, впрочем, ќе им ги посвети сета енергија, сета борба, сиот свој живот: „Мојата мајка Костадинка Шопова, и самата пишуваше песни. Првите сознанија за поезијата потекнуваат од неа. Тоа, сега со сигурност знам, ми ја влеа љубовта кон поезијата без која е невозможно да се истрае", (Шопов, АМАНУ, ФАШ, К.IV.АЕ, 154).

Следствено, мајката, најраните творби посветени на неа и тегобните детско-момчешки дни се појдовни и иницијални за за'ртување на љубовта кон зборот – песната – поезијата, кон борбата и љубовта, кон жената; кон земјата – татковината.

Ако во најпролетните години за’ртува љубовта кон зборот и поезијата, во погорните класови од гимназиското школување и скоевско делување, кај Ацо Шопов е присутна и желбата и љубовта своето писмо да го изрази на својот мајчин македонски јазик и да се бори за слобода на својата света љубов – Македонија. Ваквата определба кај младиот Шопов ќе ја условат и одредат:

1. Мајката,
2. Ученичката литературна дружина „Напредок“,
3. Скоевската активност и
4. Ванчо Прке – таткото на младинското антифашистичко движење во Штип.

Првиот можен излез од семејно-општествените страданија на Шопов треба да се бара во работата на мошне популарната гимназиска асоцијација Ученичката литературна дружина „Напредок“ формирана на 15 септември 1919 година при српската кралска гимназија во Штип. Со години на ред, откако под раководство на Блажо Брзето, одличен ученик од Пехчево, во 1938/39 година ќе забележи интензивна и плодна активност, во учебната 1939/40 година, под раководство на новоизбраниот претседател Ванчо Прке, дружината доживува вистинска ренесанса. Со широкиот опсег на знаење и авторитативните настапи тој ќе биде ценет и признат меѓу наставниците, меѓу работничката и школската младина и поширокото граѓанство, па дружината ќе привлече најголем број членови и ќе стане „масовна трибина на напредното младинско движење“ (Александар Апостолов, 1989: 63). Така, за мандатниот период на Прката и под надзор на наставникот Милан Бојчевиќ, дружината ќе регистрира најмногу прочитани, вреднувани и објавени творби во „Ѕидните весници“ на гимназијата, а таканаречените „Седмици“ (книжевни средби) ќе бидат исполнети со зрели и вжештени идејно-политички дискусии за тогашната општествено-економска криза во современиот свет и за опасноста од новата катаклизма што се вика Втора светска војна. За кусо време отпорот на учениците кон перфидната и асимилаторска политика на великосрпскиот режим ќе порасне, а литературната дружина ќе прерасне во „отворен“ регрутен полигон на идните скоевци и стожер околу кој ќе се шири и ќе созрева јадрото на прогресивното младинско антифашистичко движење во Штип. (Да се види трудот на Димче Беловски: „За младинското антифашистичко движење во Штип“ – Скопје, Архив на музеј на град Штип, 1988, машинопис 19 стр.).

Според тоа, сосема е јасно зошто дружината се јавува како основно и најпогодно катарзисно тло врз кое ќе се цедат болките од домашната атмосфера и ќе се ублажува гневот од неправдите на времето, и зошто *Тетратката* и другите песни од најраното творештво на ученикот Шопов ќе имаат белег на силно индоктринираниот патриотизам, на нагласената лирска елегичност и темните песимистички тонови. Потврда за тоа претставува елегично-

песимистичкиот поетски климакс стокмен како реплика на постариот другар и колега Александар Апостоловиќ:

НА ДРУГАРОТ АЛ. АПОСТОЛОВИЌ
(По повод неговата песна „На помладиот другар песимист")
(сине дата)
Како во животот да сетам милина?
(Бидејќи велиш оти е ведар, убав и бодар)
Кога пред себе среќавам сал ужас и стравотија,
А среќата уште не сум ја сонил!

Како да го сликам весело и смело
Кога срцето веќе ми се скоравило?
Среќата и надежта одамна свенале,
А животот млад ко да гине бавно.

Живот – тоа е чаша на ужас и гнев
од која смртта сал ќе те спаси.
Од никаде искра душа да ти згрее.

(Препев на В. Шопов, 1985: 451).

Иако очајот е видлив, творбите од овој период на ученикот Шопов содржат контрастни слики и расположенија, поточно се одликуваат со еден вид воздржан и рационален песимизам сличен на неговите школски обрасци: Милан Ракиќ, Јован Јовановиќ Змај, Алекса Шантиќ и други. Спецификум во тој однос се песните за мајката, а особено песната „Дожд" (В. Шопов, 1985: 449 и спореди кај Ј. Дучиќ) во која по темните валери, ведрото финале ја проицира идната постапка – контрастот – на нашиот поет која низ песните од „Стихови за маката и радоста" (1952), од *Молитвите н Небиднина* (1963) и други, ќе се развива и кореспондира со поетската школа на Милан Ракиќ, Јован Дучиќ и Сима Пандуровиќ, на Вапцаров и Блок, на Ујевиќ и Бодлер:

а) Така таа темна и глува ноќ одминува
заедно со дождот кој престанува.
Се ведри. Ново утро пристигнува.
Руди. На хоризонтот сонцето се буди.
(*Дожд*, препев на В. Шопов, 1985: 449),

б) Есен. Есен... Бледи ѕвезди горат.
Сам, бездомен јас низ градот скитам.
Слутејќи ја утрешната зора

На животот во пресрет му идам.
(СМР, 13–14),

в) Сѐ што гасне сѐ в зеница сјае
ССТ, 9)

г)......сѐ она што потемнува во моето Вчера,
јас како светло Утре во длабини го кријам.
(Н, 11).

Овој фрагментарен и компаративен низ од контрастни слики и чувства јасно укажува на таканаречениот небиднински однос во поезијата на Шопов – темното да го претвори во светло или „небиднината во надеж како гледање на облакот со чувство дека ќе мине“ (Душко Наневски, 1977: 218).

Како што веќе кажавме погоре ученикот Шопов ќе испее неколку песни посветени на својата мајка: *„Сеќавање“, „Ох, појми, појми колку многу патам“, „Разговор со мајка“, „Пролетен разговор“*, па и „Чудотворна пештера“. Станува збор за периодот од 1934/35, па сѐ до 1940 кога мајката Костадинка заболува од мултиплекс склероза, кога чекорот постепено заслабнува и телото залегнува од долга и нелечлива парализа. Во тие песни се слуша болката и очајот на детето ученик во чии младешки гради срцето тревожно бие, но присутно е и постојаното молбено обраќање до севишниот и семоќниот од чудотворната пештера да оздрави неговата најголема љубов и благодат... м а ј к а. Таа го губи говорот. Немоќна е и тешко болна, врзана за болничкиот кревет. Само тој го разбира говорот на нејзините о ч и. Впрочем, тие очи на неговата мајка Костадинка, нивниот блесок, жар и пламен ќе бидат инкарнирани во оние луњени очи на Вита Попјорданова – Цена – Луња, и очите на Вера Јоциќ. Две боркињи. Две тигрици. Две партизански другарки и љубови.

Од тој гимназиски, ученички период се и песните со љубовен мотив: *„Кај чешмата“, „На плажа“*, со романтично-идиличен призвук/тонус: *„Пролет“, „Ноќ“, „Дожд“, „Небо“, „Овчар“, „Утро“ и со социјален карактер: „Смртта на старецот“, „Работа“, „Сиромашниот“, „Работници“ „Советот на стариот врабец“*.

Сепак, младиот Шопов ќе го плати данокот на тогашното време, на силната асимилаторска политика на српскиот режим и строго одредената школска лектира. Така, на пример, пред застрашувачкиот воен пожар што сѐ повеќе ќе се шири кон југ ученикот Шопов потиснат од тегобите на семејниот живот, својата света љубов кон мајката ќе ја поистовети со светата љубов кон родниот крај и „татковината“, па со одбрани стихови ќе исплете златен венец како симболичен дар за вечното братство и слога меѓу трите кралства:

„И сега не знам што да речам
освен да ви дарам златен венец
Живејте и понатаму во среќа
Храбри Хрват, Србин и Словенец".
(Брегалница, АМАНУ, ФАШ, К.I.AE, 10).

Дури и во името на тогашната власт како нејзин „послушник и верен син" тој е подготвен да се бори за слобода на татковината. Во другите песни со воено-патриотска тематика: *„Ловоров венец", „На бојното поле", „Војник"*, *„Разговор на гробиштата",* поетот е војник и војува на фронтот, а во програмската песна *„Стани сине, татковината те вика"* што на крајот на учебната 1939/40 година ќе ја прочита на Видовденскиот празник во школскиот двор на гимназијата, преку гласот на болната му мајка, ученикот Ацо Шопов отворено ќе повика на борба и одбрана на татковината:

„А болната му мајка над синот се свила
кој во мигот среќни сништа сонел
И му рече гласно со некаква милина
– СТАНИ СИНЕ, ТАТКОВИНАТА ТЕ ВИКА!"
(АМАНУ, ФАШ, К.I.AE, 12).

Погоре ја спомнавме конечната определба на ученикот Ацо Шопов за поетско писмо на мајчин јазик и борба за слобода на неговата света љубов – Македонија. Така, во 1940-та година на еден од излетите во месноста Каваклија, односно Суитлак во околината на Штип, младиот Шопов првпат официјално ќе се запознае со Ванчо Прке од кого ќе ја добие стихозбирката *„Бели мугри"* од Кочо Рацин. Со тоа започнува вистинскиот творечки пресврт кај Шопов кој ќе ја прегрне социјално-патриотската тема изразена на својот мајчин македонски јазик, како и сè поинтензивната конспиративна подготовка за скоевско делување и партизанско војување: „Желбата да се проговори на јазикот на својот народ се придружи на моите нови сфаќања за човечкото постоење". (АМАНУ, ФАШ, К.III.AE.85). Така, восхитен од новата лектира која со свежеста на јазикот ќе го јакне револуционерниот дух кај младите и возбуден и револтиран од предвоената мобилизација на луѓето и нивно сместување во ановите, во истата 1940 година ученикот Ацо Шопов ќе ја подготви стихозбирката од 10 до 15 песни *„Анови"* или *„Песни за Штип 1941"*. Нешто подоцна, во превечерјето на германско-бугарската воена окупација на земјата, гимназиските *„Ѕидни весници"* ќе осамнат со името на Шопов како потписник на својата прва поетска рожба на мајчин македонски јазик – *Ановите*. Таа песна и тој миг засекогаш ќе останат во сеќавањето на нашиот поет: „Првата моја песна што излезе тогаш се вика *Ановите*. Тоа го сметам за мое поетско раѓање". (Шопов, А.,1979: 141).

Сеќавајќи се на насловите и содржината на песните (*Анови, Афионџии, Еснафи, Жетвари, Чаршијата, Леблебиџии, Песна за Сталина, Гројзебрање, Ашчијата, Ќепенџите, Каваклија, Новакова чешма и др.)* Фируз Демир смета дека Анови (*Песни за Штип 1941*) претставуваат социјален протест на едно време за кое пее нашата усна традиција, големиот поетски учебник на браќата Миладиновци и песната на Рацина. Поетскиот ракопис Шопов му го предал на Фируз, а овој на нивниот иден водач Ванчо Прке кој по прочитот на песните на кориците од книгата тетратка напишал ласкави оценки со последни пораки дека главната скоевска и револуционерна задача на „*Шопчето*" треба да биде само пишувањето. Откако збирката му била вратена на Шопов, овој повторно му ја дал на Фируз со цел да биде напечатена во илегалната партиска техника што се наоѓала во неговата куќа, но при ненадејната провала во 1943 година од бугарската полиција, тој паѓа в затвор и трагата на *Анови* засекогаш исчезнува. (Фируз Демир, 1982: 247–255). Во овој случај најважно е што судот за песните и пораките на Прке ќе имаат пресудно значење во потсилувањето на творечките импулси на идниот партизански поет: „Во литературната дружина ги научив првите вистини за светот воопшто, како и за светот на литературата. За своите први обиди во литературата и за љубовта кон неа посебно му должам на Ванчо Прке. Од него ја добив книшката *Бели мугри*. Тој е првиот мој критичар ... тој опширно ги анализираше сите мои песни и ме храбреше да издржам во неретко горчливото другарување со поезијата". (АМАНУ, ФАШ, К.III.А.Е.85).

Создавањето на *Анови* се совпаѓа со вклучувањето на Шопов во нелегалниот младински естаблишмент наречен воспитна група. (Да се види: Реконструкција на партиската организација на штипска околија. – Штип, Завод музеј, 1957, стенографски белешки, с. 324). Особено по воената окупација и воспоставувањето на бугарската власт, лидерите на штипската скоевска организација Ванчо Прке и Славчо Стојменски, преку излети во околните места, на полулегални вечеринки и седенки пристапуваат кон зголемување на бројот на воспитните групи. Нивната активност, главно, изразена во собирање на оружје, облека, храна, пари; во размена и збогатување со напредна марксистичка литература, во пишување на револуционерни пароли „Смрт на фашизмот – слобода на народот, „*Македонија на Македонците*" и други форми на национално осознавање, претставуваат конспиративен политички тест за влез во сѐ помасовната и посилна скоевска организација. Оттука, ако стравот од претходниот српски режим го раѓа отпорот, новиот режим на учење и живеење под бугарска власт ќе го јакне револуционерниот дух кај младите, па полулегалните средби ќе се осмислуваат и со рецитации на песни од Рацин и Марковски, на Смирненски и Ботев, на Мајаковски и песни од *Анови* на ученикот – скоевец Ацо Шопов (Александар Зафиров).

Една од најдрагоцените активности на гимназиските ентузијасти во тоа време е илегалниот младински весник „Искра" во чие креирање и уредување учествувале: Ацо Шопов, Славко Јовев и Димче Беловски. (Кон средината на 1942 година во штипската гимназија почнал да излегува младинскиот весник „Искра" пишуван на рака. Не е сочуван ни еден број. Престанал да излегува кон крајот на 1942 година." – Скопје, Архив на Македонија, Весници од НОБ, кутија бр. 81, инв. бр. 7018; Да се види и трудот на Јелица Протогерова: „Основање и работа на илегалната партиска техника во Штип во Народноослободителната војна", Штип, Дело 74 (XVI,1989, 3–4, s. 69–87).

Статиите за улогата и значењето на младинската организација и нејзиното учество на фронтот, како и за воено-политичката ситуација во земјата биле пишувани на рака со печатни букви и умножувани на индиго во куќите на Шопов и Беловски и истите се читале и разработувале на состаноците на воспитно-скоевските групи. Со разбивањето на Плачковичкиот одред во декември 1942 година згаснува и „Искра", но прогресивните и револуционерни содржини на младите повторно ќе заискрат и ќе се огласат во партизанскиот билтен „Народен глас". (Весникот „Народен глас" како орган на Обласниот комитет на КПМ за четвртата оперативна зона излегува од 1-ви мај 1943 до крајот на јули 1943 до крајот на јули 1943. Одговорен за весникот бил Трајко Орушов. Од 4–5 броја сочувани се само два. – Штип, Завод-музеј, инв. бр. 48). Токму во првиот број на оваа илегална публикација, Ацо Шопов го крева својот глас со онаа позната песна *„Одредо, Гоце Делчев, издаден"* посветен на погибијата на неговиот идеен водач и поетски учител Ванчо Прке – Сермен. Нему тој ќе му ја посвети песната *„Последното писмо на Ванчо до мајка му"* која подоцна ќе влезе во состав на неговата прва стихозбирка „Песни" (1944).

И додека сè уште одекнува песната за Прке, Ацо Шопов ја испева и песната *„Хајка по младежот"* посветена на Славчо Стојменски – Сократ, кој на 17.8.1943 година е нова и голема жртва на бугарската полициска хајка. Со тоа поетскиот долг кон своите најдобри учители само е најавен или условно исполнет, зашто првиот го учел на соговорникот и на вистината да им гледа во очи и да го развива поетскиот талент, а вториот – да ракува со пиштол и храбро да пука во непријателот.

Сè до овој момент младината речиси секогаш била решена, но никогаш доволно подготвена за отворена борба против фашистичкиот окупатор. Но, токму со последната провала, со масовните апсења и убиството на Славчо Стојменски, кога младинската и скоевска организација доживува најтежок пораз, во подземната скривница од куќата на Никола и Љупчо Нехтенин, со група скоевци Ацо Шопов ќе го чека последниот партизански сигнал за излегување во партизани. Дури по 10 – 15 дена криење во куќата на Нехтенин, кон крајот на септември 1943 година, илегалната група што ја сочинувале Ацо Шопов, Брана Лазарова и Мијалче Ивановски – Мало, со фалсификувани

лични карти и открити листови, преку конспиративната партиска врска на Централниот комитет ќе пристигне во Скопје, од каде со останатите другари се приклучува во редовите на Шарпланинскиот партизански одред.

Тој миг на излегување во партизани постариот соборец Михаило (Мијалче) Ивановски – Мало го опишува со чувство на радост и восхит: „Пристапувањето во одредот за нас беше големо задоволство затоа што ни се оствари големата желба да можеме со пушка во рака, во организирани партизански одреди да се бориме до конечно ослободување на Македонија“ (Од разговорот со Мијалче Ивановски – Мало, 1921 – 1989, што го водев во Скопје на 18.1.1989). Помладиот, пак, Шопов, без татко и мајка и со прекината школска лектира, војната, борбата ќе ја прифати како можен збег и спас од тегобните детско-момчешки дни, од тоа стоглаво чудовиште што ќе го прогонува во неговото бегство низ небиднината.

Најпосле, треба да се каже дека Ацо Шопов сиот живот ќе го помине низ призмата на натажени очи. Но, топлата прегратка и говор на мајчините очи, нивниот жар и блесок и љубов ќе бидат еден вид небиднинска еманација на поетовиот живот кој целосно и беспоштедно ќе ѝ го посвети на љубовта и борбата за/кон татковината, жената и поезијата.

**За сите цитати/референци види:**

Китанов Блаже: *Ацо Шопов – живот и дело*, Скопје, Култура 1998 г.

**THE PRIME WORKS OF THE STUDENT ACO ŠOPOV**

**Blaže Kitanov**
Goce Delcev University, Stip

**Abstract:** The paper presents and comments the prime works of the student Aco Šopov written during his school time and communist activities of youths under the Serbian and Bulgarian rule. The poems written in his high school Notebook for written compositions during the third grade of the real high school, as well as other poems notated on separate sheets are previewed in this article. More precisely, thirty-two poems written in Serbian language in total, out of which, seventeen are written in the Notebook. The titles of the poems written in native Macedonian language from the missing poetry collection "Anovi" or "Poems about Stip" written in 1941, as well as poems dedicated to the death of his best teachers Vanco Prke and Slavco Stojmenski are exposed. The poems have lyrical, social, love, romantic and patriotic theme inspired by the social-economic conditions in the second half of the last century and the poor and difficult situation of the family Šopovi.

The article discusses the three main phenomena as a possible way out of salvation from the difficult childhood years, from childhood and non-childhood years and from the

"hundred-headed" monster:
- writing songs during high school,
- the activity in the literary society "Progress" in high school,
- involvement and active action in the Communist youth organization until he joined the Partisans at the end of September 1943.

**Keywords:** *Notebook for written compositions, student, mother, literary society, "Progress", educational group, school organization*